**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 125/20-5**
**28/01/2021 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Биљана Толова, врз основа на член 39 и 88 од Законот за судовите, а согласно член 113 став 4 и член 112 став 2 од Судскиот Деловник („Сл.Весник" број 66/2013, 114/14), поради настапени услови за промена на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2020 година Су-04 број 125/20 од 30/12/2020 година, на ден 28/01/2021 година ја донесе следната

# Одлука
## за дополнување на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2021 година

**1.СЕ ДОДАВААТ две нови точки:**

„ **10.** Лицето Гордана Ристова, која извршува работни задачи на судски соработник во Основен суд Неготино, се определува за одговорно лице за односи со јавноста.

**11.** При оправдано отсуство на судијата на претходна постапка, итните предметите од уписникот „К-ПП", примени во текот на работно време, да се распоредуваат кај дежурниот судија по распоредот за дежурства на судиите. "

Одлуката претставува составен дел на Распоредот за работа на Претседателот и судиите на Основниот суд Неготино за 2021 година Су-04 број 125/20 од 30/12/2020 година и истата влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Претседателот на судот, согласно член 113 став 4 и член 112 став 2 од Судскиот Деловник („Сл.Весник" број 66/2013, 114/14), донесе Одлука за дополнување на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите за 2021 година во Основен суд Неготино, а од следните причини:

Како лице за односи со јавноста во Основен суд Неготино беше определен судскиот соработник Марија Л.Ѓорчева, на која и престана работниот однос во овој суд на ден 13.01.2021 година. Затоа, за лице за односи со јавноста се определува Гордана Ристова, ангажирана по Договор за дело за извршување на работни задачи на судски соработник во Основен суд Неготино. Ова од причина што во овој момент во судот нема судски сужбеници од „В“ или „Б“ категорија.

Исто така, со оглед на тоа да по предметите од уписникот „К-ПП“ како судија на претходна постапка постапува само еден судија, (Претседателот на судот), потребно е итните „К-ПП“ предмети, примени во тек на работно време, да се распоредат кај дежурниот судија по распоредот за дежурства на судиите, кој постапува по овие предмети во време на дежурство.

Одлуката претставува составен дел на Распоредот за работа на Претседателот и судиите на Основниот суд Неготино за 2021 година Су-04 број 125/20 од 30/12/2020 година и истата влегува во сила со денот на донесувањето.

Основен суд Неготино, 28/01/2021 година.

**Претседател на судот-Судија,**
Билјана Толова

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино, во делот на дополнувањето, дозволен е приговор во рок од 3 дена од денот на приемот преку овој суд до општата седница на Врховниот суд на РСМ.